**Република Северна Македонија**
**Основен суд Охрид**
**Су -07 бр. 46/22-3**
**19.12.2022 година**
**О х р и д**

Судскиот администратор на Основниот суд Охрид, Борче Мирчески, врз основа на чл. 43. од Законот за судска служба ( Сл. весник број 43/14 од 04.03.2014 година , бр. 198/18 од 31.10.2018 година) врз основа на објавен оглас бр 1/22 на Основниот суд Охрид, а по спроведената постапка за унапредување на судски службеник во звање Судски референт – извршител во писарница , Категорија Г, ниво Г3, еден извршител, на ден 19.12.2022 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
***- За унапредување на судски службеник-***

Судскиот администратор на Основниот суд Охрид, врз основа на Предлог одлуката на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник, Су - 04 бр. 53/22 – 8 од 16.12.2022 и Конечната ранг листа Су-04 бр.53/22 - 6 од 16.12.2022 година, доставени од страна на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник во Основниот суд Охрид за работно место со звање Судски референт – извршител во писарница , Категорија Г, ниво Г3, еден извршител , **ГО УНАПРЕДУВА** кандидатот

**ВЕСНА МАРКОСКА**

По конечноста на оваа одлука за избраниот кандидат ќе биде донесено Решение за унапредување од звање Помлад судски референт – извршител во писарница , Категорија Г, ниво Г4, во звање Судски референт – извршител во писарница , Категорија Г, ниво Г3 и Решение за утврдување на плата.

**О б р а з л о ж е н и е**

Основниот суд Охрид, на сопствената Веб страна, објави Интерен Оглас за унапредување на судски службеник, со звање Судски референт – извршител во писарница , Категорија Г, ниво Г3, под број 1/22 од 28.11.2022 година.

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник , до Судскиот администратор на Основниот суд Охрид, после спроведувањето на постапката за вработување, согласно член 42 ст. 6 од Законот за судска служба , беше доставена Конечната ранг листа Су-04 бр.53/22 - 6 од 16.12.2022 година од постапката за вработување и Предлог одлуката на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник, Су - 04 бр.53/22 – 8 од 16.12.2022, за работното место Судски референт – извршител во писарница , Категорија Г, ниво Г3, еден извршител.

Со предлогот, Комисијата, на Судскиот администратор, согласно член 42 ст.6 , му го предложи најдобро рангираниот кандидат за работното место Судски референт – извршител во писарница , Категорија Г, ниво Г3, еден извршител, и тоа кандидатот Весна Маркоска .

Судскиот администратор, имајќи ги во предвид Конечната ранг листа и Предлог одлуката доставени од Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник при Основниот суд Охрид, а постапувајќи согласно чл. 43 од Законот за судска служба го изврши следниот избор:

**За работното место Судски референт – извршител во писарница , Категорија Г, ниво Г3, еден извршител во Основниот суд Охрид, го избира кандидатот Весна Маркоска.**

При изборот на кандидатот Судскиот администратор ја имаше предвид Конечната листа и предлогот од Комисијата за унапредување на судски службеник, врз основа на што ја донесе оваа одлука.

Од Основниот суд Охрид, на ден 19.12.2022 година.

**Судски администратор,**
**Борче Мирчески**

**Поука:** Кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку Основниот суд Охрид, до Советот на судска служба, во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

**Д-на:** Весна Маркоска, Киро Николоски, Илче Мартиноски